# Bonding

Зајакнување на меѓугенерациската солидарност и учење преку градење пријателства меѓу младите и постарите луѓе

БИЛТЕН #4
ноември 2023 година

## Содржина

Страница 2
Прославување на достигнувањата и градење за иднината

Страница 3
Сет на алатки за подигање на свесноста

Страница 4
Платформа за вмрежување и пријателство



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# Прославување на достигнувањата и градење иднина

Проектот BONDING завршува после две годишна имплементација, поради тоа претставници од 6-те партнерски организации се сретнаа во Болоња (Италија) по повод **завршен партнерски состанок и завршната конференција.**

За време на состанокот, **постигнатите цели беа позитивно оценети** и партнерите разговараа за можноста за соработка во иднина со цел **да се даде континуитет на проектот**. Завршната конференција, од друга страна, се одржа на Универзитетот во Болоња и овозможи не само да се презентираат резултатите од проектот пред заинтересираните луѓе, туку и да се дебатира на теми како што се осаменоста и да се споделат интересни меѓугенерациски иницијативи преку придонесот на различни говорници.



# Прирачник со алатки за подигнување на свеста

Во претходните изданија на нашиот билтен го презентиравме извештајот „Мапирање на сервисите за спријателување“ и онлајн курсот „Младите се спријателуваат со постарите“. Денеска ги презентираме последните два резултати од проектот: прирачник за подигнување на свеста и дигитална платформа.

Комплетот за подигање на свеста вклучува **постери**, **инфографици** и **видеа** кои се развиени за да се подигне свесноста за пријателството, како функционира, неговите карактеристики и придобивки. Изработените материјали се наменети за различни целни групи: млади луѓе, постари лица и пошироката јавност. Се надеваме дека тие ќе бидат корисни за промовирање на овој тип на услуги и **поттикнување на меѓугенерациската солидарност**.






# Платформа за вмрежување

Проектот резултираше со лесна за користење платформа, чија цел е да ги **поврзе младите луѓе** заинтересирани за меѓугенерациска поддршка. Оваа платформа служи како разновиден простор каде што корисниците можат да ја прошират мрежата, да разговараат, споделуваат искуства и да учат заедно. Вклучува **форум** за дискусии и **блог**. Учесниците имаат свој **простор прилагоден на нивните потреби** за прикачување фотографии, видеа и датотеки, овозможувајќи им да ја покажат својата личност и интереси додека се поврзуваат со другите.
Оваа платформа го поедноставува вмрежувањето овозможувајќи им на корисниците да создаваат врски, да започнуваат дискусии и лесно да формираат групи базирани на интерес.




Достапни преку веб-страната на проектот, платформата и претходно опишаниот сет со алатки нудат важни ресурси за младите кои сакаат да поттикнат значајни врски и да ја истражат динамиката меѓу генерациите.

# Bonding

## Проектен тим

PCG POLSKA
A PUBLIC CONSULTING GROUP COMPANY

KMOP
KINDLING A BETTER WORLD

KMOP
SKOPJE

CARDET

FUNDACIÓN INTRAS

ANS
Anziani e non solo
società cooperativa sociale

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

Следете не на Facebook!